# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и осмата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 09.02.2026 година, во 12:30 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и осмата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски, Миле Грозданоски, Маја Седрак и Музбајдин Ќамиљи.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација и Јана Граматниковска Стручен соработник 2 во Сектор за управување со човечки ресурси.*

Дваесет и осмата седница на Програмскиот совет започна во 13:13 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и осмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 27-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Информација за Тони Гламчевски**
3. **Разгледување и усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ**
4. **Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 27-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и седмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Тпчка 2. Информација за Тони Гламчевски**

Во рамки на оваа точка, Претседателот накратко информираше дека до Програмскиот совет на МРТ е доставена Ургенција од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во врска со постапката по жалба на лицето Тони Гламчевски.

Во одговор на Ургенцијата, од страна на Програмскиот совет е подготвен и доставен официјален одговор, со кој се појаснува дека во списите на предметот што се доставени до Програмскиот совет од страна на полномошникот, нема приложено полномошно со кое жалителот го овластува полномошникот за застапување, поради што истото не е доставено ниту до Државната комисија.
Воедно, во прилог на одговорот се доставени и заверени копии верно на оригиналот од сите релевантни списи по предметот (одлука на Програмскиот совет, записници од седници, опомена пред тужба и жалба).

Со ова, Програмскиот совет навремено и целосно постапил по барањето на Државната комисија.

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред што се однесува на разгледување и усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.

Предлог-правилникот е изготвен врз основа на делумна функционална анализа и согледување на постојната организациска поставеност, со цел унапредување на внатрешната организација, зголемување на ефикасноста во работењето и усогласување со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со предложените измени, меѓу другото:
– се воспоставува нова техничка единица V. Техника и информатичка технологија на МРТ со

Сектор за техника и Сектор за ИКТ;
– се формира Сектор за безбедност во рамки на Заеднички функции;
– се врши реорганизација на одделни постојни сектори и одделенија, како и додавање Одделение за архивирање на ТВ и аудио материјали,
сè со цел подобрување на организациската поставеност, појасно разграничување на надлежностите и поефикасно извршување на работните задачи.

Важно е да се нагласи дека во процесот на подготовка на Предлог-правилникот се консултирани двете синдикални организации при МРТ.

Дополнително, тој нагласи дека со овие измени се врши усогласување со важечката законска регулатива и истовремено се прави чекор кон унапредување на постојната организациска структура.

Воедно, напомена и дека во следниот период е планирана подготовка на целосна функционална анализа на ЈРП МРТ, врз основа на која ќе се подготви нов Правилник за внатрешна организација, како и нова систематизација на работните места, кои се очекува во целост да одговорат на реалните потреби, развојните приоритети и идните предизвици на МРТ.

Претседателот ги повикува претставниците на стручните служби накратко да дадат образложение за Предлог-правилникот.

Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов зема збор и рече дека третата и четвртата точка од Дневниот ред се поврзани и дека промените се започнати да се работат уште во претходната година и истите било потребно да бидат изготвени до 01.01.2026 година, но со оглед на тоа што постапката за Законот за административни службеници е пролонгирана, рокот се пролонгира до 01.01.2027 година.

Направени се позначајни структурни промени, како што е ОТТ платформата, воедно има промена и во делот на шифрите на Директор на телевизија и на Директор на радио, а се поради тоа што тие се водат како административни службеници, а вработените во тие служби се водат како даватели на услуги, па на тој начин немаат ингернција за награди или казни.

Воедно, сите промени се работени заедно со Министерството за јавна администрација и ниту се кратат, ниту се додаваат работни места, само се прави реорганизација за подобро функционирање на МРТ.

Исто така Директорот на ЗФА Горан Атанасов нагласи дека измените и дополнувањата и на двата правилника е во согласност и со двете репрезентативни синдикални организации во

МРТ, СО при МРТ и ССНМ и нагласи дека секој од нив има различно размислување, но сепак се усогласиле и сите измени и дополнувања се направени во согласност со Закон, за подобро функционирање на МРТ.

Потоа зема збор Беким Лачи кој праша, како би се извршила реорганизација, ако има 1224 вкупно работни места, дали ќе се намали бројот на вработени?

Директорот Горан Атанасов одговори дека, согласно претходни анализи има вкупно 1224 работни места, но моментално се вработени 585 лица, а тоа е така затоа што последните неколку години МРТ нема добиено согласност од надлежните институции за нови вработувања, ниту унапредувања и моментално МРТ се наоѓа во таква позиција кога нема доволно кадри и потешко се функционира.

Понатаму Музбајдин Ќамиљи зема збор и констатираше дека, согласно неговите сознанија во МТВ2 има минимален број на вработени и нивното функционирање е сведено на минимум.

Билјана Бабиќ се јави за збор и таа нагласи дека тука станува збор само за усогласување и дополнување на Правилниците, но не за нови Правилници за внатрешна организација и систематизација на работни места.

Потоа зема збор Миле Гроздановски кој праша дали може со овие усогласувања и дополнувања да се помине еден преоден период, а потоа да се направи нова систематизација, а се поради тоа што МРТ е на ивица со стручен кадар и поради тоа е отежнато работењето на институцијата.

На се ова одговор даде Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски кој истакна дека приоритет на Програмскиот совет е изработка на целосна нова функционална анализа на ЈРП МРТ, врз основа на која ќе се подготви нов Правилник за внатрешна организација, како и нова систематизација на работните места, кои се очекува во целост да одговорат на реалните потреби, развојните приоритети и идните предизвици на МРТ.

Маја Седрак постави прашање што конкретно се менува од старите Правилници во новите Правилници.

Збор зема Јана Граматниковска, Стручен соработник 2 во Секторот за управување со човечки ресурси и рече дека се менуваат два правилници, од кои едниот е за реорганизација на работните места, а другиот за менување на групите (административни службеници во даватели на услуги).

Директорите на Телевизија и Радио се впишани како административни службеници, а вработените кои се во тие сектори се впишани како даватели на услуги. Ингеренцијата за награди и казни не е во корелација, па затоа сега се врши измена за и Директорите да бидат впишани како даватели на услуги.

Воедно се врши измена во делот на ТВ Техника и ИТ службите и истите се спојуваат во нова техничка единица - Техника и Информатичка технологија на МРТ.

Лазо Трпков праша, зошто баш сега е вршат овие измени и дополнувања.

Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов, одговори дека овој процес е започнат уште претходно, а согласно позитивните законски прописи до 01.01.2027 година треба да биде завршен.

Понатаму Беким Лачи постави прашање, што доколку некој новинар не доаѓа на работа, а отсуството го нема оправдано, дали Директорот може да го казни?

Директорот Горан Атанасов одговори дека Директорот на Радио не може да го казни, поради тоа што е административен службеник, а вработениот новинар е давател на услуга, со тоа Директорот нема ингеренција за да го казни. Во тој случај само Уредникот може покрене постапка за казна.

Томислав Кежаровски праша кога последен пат е направена последната измена на систематизација?

Јана Граматниковска одговори дека актуелната ситематизацијка по која работи МРТ е направена во 2020 година.

Претседателот на Програмскиот совет напомена дека на една од првите седници на Советот беше доставена информација за статусот на сите Правилници и дека сите општи акти беа доставени до Советот и се увиде дека дел од нив треба да претрпат измени, а еден од нив е и Правилникот за внатрешна организација и систематизација.

Со оглед на тоа еден од приоритетите на Советот ќе биде нова функционална анализа за изработка на нова систематизација.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја затвори дискусијата по оваа точка и земајќи ја предвид дадената согласност од Надзорниот одбор за Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Разгледување и усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

Тој објасни дека Предлог-правилникот е изготвен врз основа на делумна функционална анализа, како и во насока на усогласување на постојната систематизација со веќе предложените измени во внатрешната организација, со цел појасно дефинирање на работните места, нивните описи, услови и потребен број на извршители.

Исто така, тој нагласи дека во процесот на подготовка на Предлог-правилникот биле вклучени и двете синдикални организации при МРТ и дека со предложените измени, меѓу другото:
– се врши бришење на одделни работни места кои повеќе не соодветствуваат на актуелната организациска поставеност;
– се додаваат нови работни места во Одделението за веб, мултимедија и социјални медиуми, Одделението за светло и Одделението за архивирање на ТВ и аудио материјали;
– се вршат измени кај статусот, нивото и условите за одредени раководни и стручни работни места,
сè со цел подобрување на функционалноста, ефикасноста и одговорноста во извршувањето на работните задачи.

Дополнително, тој нагласи дека со овие измени се врши усогласување со важечката законска регулатива и се прави чекор кон подобрување на постојната систематизација.

Воедно, уште еднаш потенцираше дека подготовката на целосна функционална анализа и нова систематизација на работните места претставува еден од приоритетите во активностите на Програмскиот совет во наредниот период, со цел да се воспостави современ, одржлив и развоен модел на организација на МРТ.

Збор зема Јана Граматниковска која рече дека се додава нова единица при што Секторот ТВ Техника се преселува заедно со ИТ секторот во нова техничка единица, Техника и Информатичка технологија на МРТ. Се додава ново одделение, Одделение за архивирање во сектор за документација, анализа и истражување, понатаму се отвара нов Сектор во Заеднички функции – Сектор за безбедност, во кој има две Одделенија – од кои едното

Одделение било под Сектор за поддршка на работата на Директорот на МРТ, а другото под Сектор Логистика.

Музбајдин Ќамиљи постави прашање дали сето ова се работи по некој урнек?

Јана Граматниковска одговори дека сите измени и дополнувањеа се направени заедно со двете синдикални организации и Министерството за јавна администрација и сето тоа е во согласност со Законот за јавни службеници и Законот за јавни претпријатија.

Потоа Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, продолжи и рече доколку нема повеќе пријавени за збор, а земајќи ја предвид дадената согласност од Надзорниот одбор за Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ, ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на продуктивната средба на присутните на 28-та седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека следната 29-та седница ќе се одржи во вторник на 10.02.2026 година. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и осмата седница во 13:34 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-840/4
09.02.2026г.

_________________________

Давор Пашоски